РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-4111/2
24-01-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), 80 -та седница, одржано на 18.01.2023 година ја донесе следната

**Одлука**

Пријавата со бр. 09-4111/1 од 21.04.2022 година доставена против лицето ____________, директор ________________, во врска со член 82 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат, констатирана е повреда на одредбите од ЗСКСИ кај неведеното лице, бидејќи при именување на функцијата в.д директор на наведеното училиште лицето _______________ нема поднесено образец изјава за интереси и образец анкетен лист, но поради застареност на прекршокот согласно Законот за прекршоците не може да се спроведе постапка за порамнување согласно член 114 став 3 од ЗСКСИ, и поради тоа ДКСК нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по конкретниот предметот.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

**Образложение**

Предметот со број 09-4111/1 од 21.04.2022 година е оформен врз основа на пријава од познат подносител против лицето ___________, директор на ____________________.

Имено, во пријавата е наведено дека лицето _______________ ја извршува функцијата директор од 25.06.2018 година но во Регистарот на избрани/именувани лица на Државната комисија нема податоци за ова лице, по што пријавителот бара да се изврши проверка дали лицето има поднесено изјава за имотна состојба и интереси и да биде повратно известен.

При проверка во Централниот регистар на РСМ, се утврди дека лицето ___________ е именуван за в.д директор од 29.10.2018 година со Решение 08-7286/2 на _______________" ___________,но на ден 06.11.2019 година со Решение бр. 08-10289/1 истиот е именуван за директор за наведеното училиште од страна на градоначалникот на Град Скопје.

Исто така, ДКСК направи увид во евиденцијата на поднесени изјави за интереси во одделението за спречување на судир на интереси и лобирање и евиденцијата на поднесени анкетни листови во одделението за следење на имотна состојба и интереси, и утврди дека наведеното лице нема поднесено образец изјава за интереси и образец анкетен лист за в.д.директор но има поденесено за директор,во рок од 30 дена по именување.

Од сето горенаведено произлегува дека Државната комисија не може да се спроведе постапка за порамнување согласно член 114 став 3 од ЗСКСИ, бидејќи ова дело е застарено согласно Законот за прекршоците, и пради тоа ДКСК нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по конкретниот предметот.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во предметот, поради што одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**М-р Владимир Георгиев**

По заклучок на ДКСК.
Изработил: **Б.Џ**, советник
Контролирал: К.З, раководител